# НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО И КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

## ФИНАНСИРАЊЕТО Е НЕДОВОЛНО ИЛИ КРИТИЧНО ЗА МНОЗИНСТВОТО

Од 15 анализирани заштитени подрачја, **5 немаат финансирање** по ниту еден законски основ.




## ЗАКОНСКИТЕ МОЖНОСТИ ПОСТОЈАТ, НО РЕТКО СЕ КОРИСТАТ ЦЕЛОСНО

Иако Законот за заштита на природата предвидува **13 можности за финансирање**, најчесто се користат 0–3, со исклучоци каде има поразвиен систем на наплата и планирање.

**Број на искористени извори на финансирање по заштитено подрачје (0-8)**




## КАДРОВСКИОТ ЈАЗ Е ДИРЕКТЕН ЕФЕКТ ОД НЕДОВОЛНОТО ФИНАНСИРАЊЕ

Шест подрачја немаат лица задолжени за управување. Таму каде има персонал, управувачите пријавуваат сериозен недостиг за покривање на територија и обврски.
Примери:

- НП Шар Планина - 17 вработени, потребни 52.
- Јасен - 35 вработени, потребни 50–55.




**Државните програми се важни, но непредвидливоста ја кочи реализацијата**
Управувачите посочуваат доцнење на исплати, поради што мора да се задолжуваат за тековни трошоци и активности.

**Општинските буџети се често празна обврска на хартија**
Од 7 заштитени подрачја управувани од општини, 4 се без средства од општинскиот буџет. Помалите општини често немаат финансиски и човечки капацитети за управување.

**Наплатата на надоместоци има „теренски“ бариери**
Негодување од посетители, многу влезови, потреба од планови и програми за дозволи (пример за собирање диви видови), и ограничени ингеренции за санкционирање прекршоци.

**Договорите за дејности и екосистемските услуги се недоволно искористени**
Управувачите тешко склучуваат спогодби и наплатуваат од субјекти што веќе плаќаат надоместоци по други основи (води, телекомуникации, пасишта). Плаќањето за екосистемски услуги останува слабо применет модел.

**Проектниот капацитет е пресуден за донаторски средства**
Од 12 управувачи, 6 немаат капацитет ниту партнерства за апликации. Тие остануваат надвор од грантови, иако потребите се големи.

Овој инфографик е изработен во рамки на проектот „Поддршка за одржливи финансиски модели за заштитени подрачја“, имплементиран од Натура МК, во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан“, имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи, Македонското здружение на млади правници и Фронт 21/42, а е финансиски поддржан од Европската Унија. Содржината на инфографикот е единствена одговорност на Натура МК и не треба на било кој начин да се смета за одраз на официјалниот став на Европската Унија